**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА**
**Ул.Водњанска 17, 1000 Скопје**
**Тел. 00 389 (0) 23147928/ факс. 00 389 (0) 23119188**

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI SHËNDETËSOR PUBLIK
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА
KLINIKA UNIVERSITARE PËR NEFROLOGJI
Скопје-Shkup
Бр.-Nr. 02-1190/1
17. 12. 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија-Скопје обезбедува целосна дијагностика и третман од областа на нефрологијата.

Негата и грижата за пациентите со бубрежни болести е основен мотив во работењето на клиниката.
Нашиот стручен тим составен од универзитетски професори, доктори специјалисти интернисти, специјалисти нефролози и суспецијалисти континуирано се усовршува со цел на пациентите да им овозможи навремено дијагностицирање и соодветно лекување на бубрежните болести, да обезбеди дијализно лекување на пациентите кои се со терминална бубрежна болест, како и подготовка и следење на трансплантирани пациенти.

Целокупниот квалификуван медицински персонал при ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија успешно обезбедува сеопфатна грижа за акутните и хроничните бубрежни пореметувања кај пациентите.

ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија обезбедува амбулантска дијализа (перитонеална и хемодијализа), медицински третман на болни со бубрежни заболувања како и нега на болните пред и после трансплантација на бубрези.

Основни принципи во нашата работа се:

1. Љубезен и топол пријателски однос со пациентите, од страна на нашиот тим од квалификувани лекари специјалисти и супспецијалисти, медицински сестри и медицински техничари.

2. Континуирана грижа за пациентите преку навремено давање на услугата и точно дијагностицирање на болеста.

3. Стручно и професионално извршување на работата, а се со цел подобрување на здравјето на пациентите.

4. Користење на најсовремени апарати и дијагностички техники за навремено откривање и спречување на болестите на бубрезите.

5. Несебично вложување на целокупното знаење и стекнато искуство за лекувањето на Болните.

6. Грижа и следење на здравјето на болниот, се до негово стабилизирање или целосно оправување.

Основно мото е: Здравјето на пациентите е секогаш на прво место!

**Скопје**
**15.12.2025 година**

**Директор**
**Науч. Сор. Д-р. Никола Ѓорѓиевски**